ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

август 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 21. 08. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4134/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската управа, по скратена постапка.

**Пратеници:**

Бобан Георгиевски

Павле Арсоски

Бојан Стојаноски

Даниела Дениковска

Тони Јаревски

Миле Цеков

Никола Пачевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 21. 08. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4134/1 | | |

Д О
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската управа, по скратена постапка.

**Пратеници:**

Бобан Георгиевски

ПАВЛЕ АРСОСКИ

Бојан Стојаноски

Даниела Бешкова

Тони Јаревски

Миле Цеков

Николина Пашевска

# В О В Е Д

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21), со членот 6, се уредува раководната структура на Царинската управа: во Царинската управа има директор и заменик-директор, а со овој Предлог се предвидува уште еден заменик-директор, со кој се доуредува раководната структура на Царинската управа и се овозможува поефективно вршење на работите од надлежност на институцијата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот за изменување на Законот за Царинската управа се заснова на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за Царинската управа, со цел да се доуреди раководната структура на Царинската управа и да се овозможи поефикасно и поефективно вршење на работите од надлежност на институцијата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог-законот за изменување на Законот за Царинската управа не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Републичкиот буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, во согласност со членот 175 од Деловникот на Собранието, се предлага Предлог-законот за изменување на Законот за Царинската управа Собранието да го разгледа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ-ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“, број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 122/21*),* во членот 6 став (2), зборовите: „заменик кој го“, се заменуваат со зборовите: „двајца заменици, кои ги“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21*)* се уредуваат и надлежностите, опфатот на работите и структурата на Царинската управа. Со Предлог-законот тие се доуредуваат, а со измените ќе се дорегулира раководната структура и ќе се обезбеди подобро извршување на надлежностите на Царинската управа.

Со членот 2 се предвидува влегување во сила на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата што произлегуваат со дополнување на овој предлог-закон меѓусебно се поврзани и чинат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение ќе се обезбеди поефикасно и поефективно вршење на работите од надлежност на институцијата и ќе се дорегулира раководната структура.

**Т Е К С Т**
**НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ**

Член 6

(1) Со работата на Царинската управа раководи директор кој го именува и го разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Директорот на Царинската управа (во натамошниот текст: директор) има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) Директорот и заменик-директорот се именуваат на предлог на министерот за финансии по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и имаат мандат од четири години.

(4) Директорот и заменик директорот за својата работа и работата на Царинската управа лично е одговорен пред Владата на Република Македонија и министерот за финансии.

(5) За директор и заменик-директор, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование;

4) најмалку пет години работно искуство;

5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - со најмалку 74 бодови,
- ИЕЛТС (IELTS)
- најмалку 6 бодови,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal)
- најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First)
– положен,- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).